82-92:305-055.2
претходно соопштение

# РАКОПИСОТ *РАМНОПРАВНОСТА НА ЖЕНАТА* ОД МЕТОДИЈ КУСЕВИЧ

**м-р Славчо Ковилоски**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за македонска литература, Скопје

**Клучни** зборови: Методиј Кусевич, *Рамноправноста на жената,* маж, жена, машко-женски односи
**Key words**: Metodij Kusevich**,** *Women's Equality,* man, woman, male-female relations.

Просветител или духовник, панславист или русофил, прогресивец или конзервативец, Тодор Кусев или Методиј Кусевич, за овој македонски свештеник има многу прашања на кои може да се даде едноставен одговор: сето тоа. Роден како Тодор Кусев, овој борец за отфрлање на богослужбата на грчки јазик од македонските цркви и воведување црковно-словенски, наскоро, по остварувањето на целта, го примил свештеничкиот чин под името Методиј Кусевич. Своите надежи за ослободување на балканските народи од османлиска власт ги насочил кон Русија, за која, пак, во подоцнежниот период имал негативни чувства.

Тодор Кусев (1838, Прилеп - 1922, Стара Загора, Бугарија), бил еден од најактивните членови на Прилепската црковно-училишна општина, нејзин секретар и автор на еден *Правилник* со кој се одредувале должностите на раководството на општината, црквата, училиштата и еснафите, чувар на моралните вредности во градот, учесник на црковно-народниот собор во Цариград во 1871 година, публицист и редактор на весник, автор на неколку дела со историско-политички карактер. Во македонската наука се споменува попатно, најчесто како една од личностите кои биле вклучени во црковните борби против грчкото свештенство.

Роден бил во семејството на Јовче Кусев, трговец со тутун и добиток. Бидејќи образованието му се состоело само од читање и пишување, самиот се дообразовал. Навечер, по затворањето на црковните порти, ги посетувал учителите кои престојувале во

училишните одаи и тука разговарал и разменувал мислења со нив, а ги користел и нивните книги и весници.

Прв кој го препознал љубопитниот дух на Кусев бил Кузман Шапкарев. Неговиот карактер и однесување му оставиле силен впечаток на познатиот македонски преродбеник од Охрид, кој за него запишал дека бил „толку верен, толку способен и толку активен соработник". Шапкарев додава и дека: „Откако согледав во него талентиран дух, активност, разбуденост и пргавост од висок степен, го засакав толку, што не можев да ја поднесам ниту ден неговата разделба без срдечен печал... Поради тоа нашите заемни посети станаваа почести; тој се сметаше како мој другар, а јас како нивен домашен... Впрочем, очигледно се гледаше дека во него се крие еден мој ближен соработник, а во подалечна иднина еден велик народен подвижник" (Шапкарев, 1990: 92-93). За него, спомени оставил и учителот Никола Ганчев Еничарев. Тој го споредил Кусев со „батерија" која само чекала случај „да го издаде својот голем блесок", при што додава: „Кога стануваа препирки по народните работи, Кусев вешто ги бичуваше своите противници и никој не смееше да му противречи...". Како една од неговите маани, Еничарев ја истакнува неговата пргава и речиси кавгаџиска природа која, пак, се скротувала кога ако „помеѓу другарите забележеше некого со поопширен и попрактичен ум, со благодарност му го отстапуваше првенството" (Ганчевъ Еничеревъ, 1903: 26).

Кусев до смртта многу малку ги променил овие карактерни особини. Се ангажирал политички, пишувал статии, писма, држел црковни говори, односно целосно се оддал на толкување и критика на јавниот општествен живот и на моралните вредности. Соработувал со весникот *Македонија*; заедно со Георги Груев објавиле статистички податоци за Македонија во францускиот весник во Цариград, *Курие д'Ориан*, кои подоцна излегле како одделна брошура насловена како *Етнографија на вилаетите Адрианопол, Монастир и Салоника*" во 1878 година; во 1895 година го објавил трудот *Воспитување во духот на христијанството или безбожието*; во 1899 година бил одговорен уредник на весникот *Одбрана*; во 1913 година ја објавил брошурата *Македонија во своите жители само Срби нема*, а следната година ја издал книгата *Погромот на Бугарија. Виновникот*. Накратко, ова се неговите најчесто споменувани дела на кои и најмногу им е посветувано внимание.

Неговата архива која се чува во Централниот државен архив во Софија (ЦДА), содржи повеќе од 2.000 архивски единици: писма, говори, книги, разни весници и еден ракопис кој при нашето истражување особено ни го привлече вниманието: *Рамноправноста на жената*. Со оглед на тоа што нема многу познати случаи од XIX век

македонски автори да пишуваат на, условно кажано, исклучиво „женска тема“, сметаме дека преку ракописот ќе го претставиме менталниот склоп на Македонецот, и воопшто Балканецот, односно на свештенството од овој период, во однос на жените.

Ракописот *Рамноправноста на жената* од „Ст(аро) Загорскиот митрополит Методија“ има 30 страници, напишани со црно мастило, со ситен и педантен ракопис на бугарски јазик, најчесто со по 33 реда на една страница.[1] На првата страна, покрај насловот, има и автограф, како и информацијата: „цена 20 стотинки за полза на Ајазмото“ (парк во Стара Загора). Првите страници на ракописот се потрпеливо пишувани, заклучок којшто го изведуваме од стегнатиот ракопис и малиот број пречкртани зборови и дополнувања на маргините. Во понатамошниот дел од текстот, особено последните десетина страници, ракописот станува понеразбирлив, „понервозен“, а забележуваме и повеќе и подолги забелешки на маргините, како и цели пасуси кои се пречкртани или преместени со стрелка на друго место на страната. Некои од зборовите се подвлечени. Нив, очигледно, авторот сакал да ги потенцира. Нема наведено корситена литература, но внатре во текстот честопати сретнуваме цитати од *Библијата*. Исто така, не е наведена годината на создавањето на овој материјал. Тоа се основните белешки за ракописот *Рамноправноста на жената* од Методиј Кусевич.

Како што кажавме, иако на ракописот никаде нема назначен датум на неговото пишување, успеавме да ја разгатнеме и таа непознатица. Имено, во 1912 година, во издание на печатницата „Светлина“ од Стара Загора се појавило печатеното издание на делото „*Рамноправноста на жената*“. Бидејќи знаеме дека неговите трудови Кусевич ги пишувал по некој повод, инспириран од настан или личност, нешето мислење е дека ракописот настанал во истата година кога е објавен. Како најдолна граница за неговото создавање, евентуално, можеме да ја сметаме 1911 година. Во секој случај, треба да се даде на знаење важниот заклучок дека ракописот и брошурата се настанати пред почетокот на Балканските војни (1912/13 година), во времето кога Македонија сè уште се наоѓала под власта на Османлиите. Значи, постоело единство на духот и на битот кај македонското население, додека, пак, останатите балкански народи сè уште не биле обременети со воените дејствија, па на таков начин можеле поспокојно да им се посветат на прашањата од секојдневието, како на пример, женското прашање.

[1] Во оригинал: *Равноправството на жената* от Старо-Загорския Митрополитъ Методия.

Книгата *Рамноправноста на жената* има 22 страници, со по 35 реда на една страна. Споредувајќи ги ракописот и печатената верзија, можеме да заклучиме дека при печатењето на брошурата издавачот верно се придржувал до ракописната верзија. Во неа се вметнати наводниците кои ги користел Кусевич, вметнувањата на одделни зборови во реченицата, над неа или на маргините, додека, пак, подвлечените зборови се предадени во курзив. Колку што ни е познато од нашите истражувања, за ова дело на Кусевич во македонската и во бугарската наука се нема произнесено никој. Нашата понатамошна анализа претставува скромен придонес во расветлувањето на проблематиката поврзана со женското прашање, овој пат преку ракописот на Кусевич.

На првата страница на брошурата се наоѓа краткиот „Предговор“, во кој е наведено дека како свој пример, жените треба да го имаат ликот на „Нејзиното Величество Царицата Елеонора“, позната по својата скромност и добродетелност. Веднаш потоа, на следните страници, можеме да ги проследиме сфаќањата на Кусевич за борбата за рамноправност на жените, за нивниот статус во семејството и во општеството, за мајчинството и сл. Ракописот нема поглавја, па размислите на Кусевич течат онака како што тој се чувствувал во моментот. Како црковно лице, за него образец за жената, женственоста и женското оденсување била библиската Ева. И уште на почетокот, Кусевич го истакнува општоприфатениот став за нејзината грешност: „Жената, во лицето на Ева, стана причина човештвото да падне од својата висока наменета положба, да падне во областа на распаѓањето и ропството на гревот“ (Методия, 1912: 5). Според него, престапот на Ева се состоел во нејзината желба да се изедначи, да стане рамноправна со Бога, т.е. да се извлече од положбата на потчинетост и послушност. Таа желба, наведува Кусевич, ѝ била наметната од лукавиот дух (Сатаната). Прелажана од змијата, Ева не го послушала својот маж, Адам, за што подоцна двајцата биле исфрлени од рајот. Заклучокот од ваквата ситуација Кусевич ја гледал во неверништвото, бидејќи „непослушноста е резултат на неверништвото. Безверноста за свој сопатник ја има непослушноста, непокорството, непотчинетоста – анархизмот“ (Методия, 1912: 6).

И во понатамошниот текст, преку примери од *Библијата*, Кусевич ја анализира жената и нејзиното поведение. Истакнувајќи дека жената во христијанството се изедначила со мажот („Каква поголема чест за жената, во лицето на Богородица: сите мажи ѝ се поклонуваат?“). Човекот бил создаден како две половини, од машки и женски пол. Притоа, како сопружници правеле едно цело. Мажот немал целосно право врз нивните деца, исто како и жената: децата биле

заеднички. Залагајќи се за како столб на општеството, според Кусевич, семејството требало да има „глава“ која ќе го води. „Глава на семејството е таткото, мажот. Мајката, жената, е негов помошник. Мажот за глава на семејството не го поставил никој, ниту го избрал. Самата природа, космичкиот закон го наложил“ (Методия, 1912: 11). Две глави на еден организам не постојат никаде, забележал тој. Кусевич ја искористил и народната поговорка дека „кокошката не пее, туку петелот“. Сепак, наведува тој, христијанството ги надминувало и овие природни закони, бидејќи жената ја изедначувало со мажот.[2] Тој требало да ја сака својата жена, да ја храни, да се грижи за неа, додека, пак, жената требало да се покорува на мажот. Дисциплината и послушноста ноmedian хармонија во домот. Оттука, Кусевич заклучувал: „Хармонијата се заклучува во *различноста*. Различноста во организмот ја создава неговата *хармонија*. Двете половини, мажот и жената, коишто го сочинуваат човекот, не можат да бидат *еднакви*. Во *еднаквоста* се заклучува *дисхармонијата* (подвлечени во оригиналот - б.м.)“ (Методия, 1912: 14).

Во понатамошниот текст, Кусевич се осврнува и на мајчинството, бидејќи „против природата не може да се отиде“, а жената не може да стане маж, „да се израмни со мажот - да стане рамноправна“. Во мајчинството, тој ја гледал најголемата разлика меѓу половите. Жената која раѓала, требало да биде нежна, чувствителна, да има голема љубов, неопходна за воспитувањето на децата. Кусевич истакнал и дека: „По природата жената е крајно *страшлива* (подвлечено во оригиналот – б.м.). Од сè се плаши и трепери... Стравот на жената не е универзално чувство. Тоа чувство ѝ е неопходно. Страшлива е по природа, за да внимава на рожбата која ја носи во утробата и малите деца кои ги одгледува и воспитува...“ (Методия, 1912: 15). За разлика од неа, мажот требало да биде буен, решителен, неустрашлив. Тој печалел, тргувал, одел во војна. А дури и со ваквата распределба на трудот, мажот бил во загуба, тој робувал во бракот. За да го оправда овој заклучок, Кусевич навел една приказна во која главни протагоности биле две сестри, едната мажена, другата немажена. Мажената сестра ја советувала немажената наместо да купува магаре за да ги носи дрвата за греење и така да ги потроши парите, да си земе маж: „да ти носи и дрва и леб и - сè“ (Методия, 1912: 16).

[2] „Безбожникот при монархистички режим се чувствува како угнетен роб, а кај републиканците се манифестира како незадржлив шарлатан. Христијанинот, пак, при ограничувањето на слободата на говорот го чувствува повикот да ја искаже безболно вистината отворено, секаде и пред секого, а при целосна слобода ја чува умереноста и неа не ја злоупотребува“. Во: Митрополит Методий Кусев, *Възпитанието в духа на християнството,* Казанлък, 1895, 107.

Кусевич дал повеќе примери за различноста, а со тоа и нерамноправноста на мажите и жените: убавиот и раскошен паун, наспроти пауницата „една обична кокошка“; помеѓу лавот и лавицата; во однос на раѓањето: „за да се израмни со мажот, жената нека се погрижи прво да ѝ израстат мустаци и брада“; војничката служба и седењето дома и др. Ако Дева Марија станела чиновничка, касиерка, телефонистка, ќе го родеше ли Спасителот, прашува Кусевич. Борбата за рамноправност тој ја изедначува и ја нарекува „лута епидемија“. Таа носела анархија и предизвикувала непокорност. Токму затоа, Кусевич бил противник на либералните идеи кои доаѓале преку социјализмот.[3]

Последните зборови со кои го завршува своето образложение зошто на жените не требало да им се дадат политички права се: „Ние, вчерашните, при заразите од социјализмот, анархизмот и рамноправноста, не ќе можеме да издржиме и 50 години. Турците, како и другите наши непријатели, не треба да се вооружуваат и да војуваат со нас, туку да си мируваат и само да чекаат: ние самичките, како што сме зафатиле социјализам, анархизам и рамноправност, ќе си узрееме и ќе паднеме како гнила круша во нивните свински усти или како врапче во устата на бувот. Жени, свестете се; мажи, свестете се“ (Методия, 1912: 22).

Накратко, тоа е содржината на ракописот *Рамноправноста на жената* од старозагорскиот митрополит Методија, родум од Прилеп. Текстот ги има сите карактеристики на памфлет (публицистичко дело што саркастично исмева некое лице, општествена или политичка појава) при што авторот ја прифатил крајно конзервативната граѓанска позиција во однос на жените. Ова дело на Кусевич во остра форма, со иронија и понекогаш со потсмешливи коментари и примери, ги обвинува жените дека го подриваат постоечкото општествено уредување, дека го ослабнуваат системот на одбрана и на таков начин им овозможуваат на непријателите да завладеат со нив и дека се спротивставуваат на природните закони со нивните барања за еднаквост со мажите.

Всушност, тоа се главните прашања околу кои се одвивал процесот на излегување на жената од домот во XIX и почетокот на XX век. На ставовите на Кусевич изнесени во брошурата *Рамноправноста на жената* можеме да гледаме како на ставови на огромното

[3] Во делото „Воспитанието во духот на христијанството или безбожието“, објавено во Казанлак во 1895 година, Кусевич ги образложил неговите несогласувања со социјалистичката идеологија. Во книгата, тој го бранел правото на сопственост, а социјализмот го критикувал како атеистичко движење и како најголемо зло на современиот човек. Во: *Обясненията на Старо-Загорския митрополитъ Методия за схизмата и единството на църквата*, 1912; *Българско възраждане: идеи, личности, събития*, том 3, УИ „Свети Климент Охридски“, 1998, 143.

мнозинство мажи во Македонија, во Бугарија и воопшто, на Балканот и Европа. Кусевич само јавно го изрекол она што повеќето негови современици го мислеле за идејата за рамноправност на жената.

Ваквиот негов однос кон жените го проследуваме уште во средината на 60-тите години на XIX век. Го евидентираме случајот со Недела Петкова која во летото 1865 година била назначена за учителка во родниот град на Кусевич, Прилеп. Тука таа се задржала две училишни години, по што засекогаш го напуштила градот. Главна причина за нејзиното заминување биле обвинувањата на граѓаните дека таа се држела премногу слободно. Поради тоа, Методиј Кусевич, тогаш Тодор Кусев, подготвил неколку сатирични текстови за неа кои ги закачил на вратата на женското училиште (Шапкарев, 1990: 102).

Не бил само тој којшто се однесувал непријателски кон Петкова. Покрај обвинувањата за нејзиното слободно држење, Кузман Шапкарев ѝ забележувал за носењето и пушењето тутун, како и поради тоа што во училиштето и во домот на учителката почнале да доаѓаат „улични момци, како бикови“. Овие забелешки на Кузман Шапкарев оделе дотаму што тој дошол во директен судир со Петкова, бидејќи сметал дека нејзиното поведение било недолично со она кое една скромна и добро воспитана учителка (подобро „невина, чиста простота и незнаење, отколку учење при едно развратно жениште“, додава Шапкарев) требало да го има за да образува добри мајки и чесни граѓанки (Шапкарев, 1990: 102).

И Христо Шалдев, познавач на приликите во Прилеп во XIX век, негативно се произнел за неа: „воопшто, слободното држење на учителката и пушењето тутун не им било симпатично на прилепчани коишто не можеле да се помират со мислата како една жена, притоа учителка и воспитувачка на нивните рожби, може да си дозволи да пуши тутун и слободно да разговара со машките учители кои што не ѝ се роднини“ (Шалдевъ, 1916: 61). Поради големиот притисок што го трпела учителката Петкова, по завршувањето на учебната година, заедно со својата ќерка таа била принудена да замине од Прилеп (Петкова, 1987: 24).

Преку овој пример сакавме да го илустрираме расположението кај македонското граѓанство кон жените кои се занимавале со јавни функции, во овој случај, учителството. Во тоа време тоа била и единствената можност, преку работа, жените да излезат и да работат надвор од својот дом. И македонските преродбеници и просветители, без разлика колку да биле напредни во своите ставови, тешко ги прифаќале промените кои доаѓале од Запад. Оваа констатација уште повеќе важи кога се однесува на свештенството на кое му се

припишуваат конзервативни гледишта на светот и меѓучовечките односи.

Веднаш по објавувањето на брошурата *Рамноправноста на жената* се јавиле првите реакции. И тоа од самите жени, за кои, се чини, поминале времињата кога тонеле во својата немост. Во фондот на Методиј Кусевич пронајдовме примерок од списанието *Женски глас*, орган на Бугарскиот женски сојуз, во кој на насловната страна стои текстот „Рамноправноста според старозагорскиот митрополит Методиј", од авторката потпишана со иницијалите: Сл. Д-ва (Д-ва, 1912: 1-3). Во воведниот дел, таа укажала дека „женското движење зема вид и размери кон кои веќе не може да се држи рамнодушно поведение". Понатаму, авторката додава дека се сомневала во искрените намери на митрополитот Методиј правилно да го постави и претстави женското прашање, знаејќи ја неговата репутација на строг критичар на општествените појави и промени. Анализирајќи ја неговата книга, таа утврдила низа контрадикторности и „ниту капка убедливост" на презентираните агрументи за рамноправноста на жената. Авторката со иницијалите Сл. Д-ва., се спротивставила на тврдењето на митрополитот Методиј дека жената веќе била рамноправна со мажот, преку дисциплината и послушноста: „А кој ќе биде послушниот? Се разбира, жената. А кој ќе биде господарот-заповедник? Се разбира, мажот? Тогаш природно ќе има 'хармонија', - бидејќи 'дисциплината' била 'хармонија'. И тоа ли е рамноправност?". Поради вака изнесените мислења на митрополитот, авторката ја негирала не само научноста, туку и логичноста на самата книшка.

Затоа, таа јавно поставила четири прашања на кои барала одговор. Дали била логична положбата за која се тврдело дека жената е рамноправна со мажот, при што тој заповедал, а таа била послушникот; ако вистинското место на жената било семејството, тогаш каква била судбината на оние жени кои не можеле да се омажат; ако било правилно жената да не се изложува на претешки работи и „да се чува како росно цвеќе", што требало да прави ако мажот ѝ бил далеку од дома, на печалба; и, дали било непоходно жената да се здобие со рамноправност преку касарната, штом давала „данок во крв", односно ги раѓала граѓаните?

На крајот, авторката заклучува дека содржината на книгата не ги оправдала нејзините очекувања. Својот осврт и критика кон брошурата *Рамноправноста на жената* од митрополитот Методиј таа го завршува со зборовите: „Рамноправноста е тоа што ќе ја издигне до положбата да биде почитувана како достоен човек, како човек кому не му е потребно покровителство или ропство, туку човечка приврзаност и заемно уважување".

Од делото *Рамноправноста на жената* од митрополитот Методиј можеме да добиеме увид во: ставовите на свештенството и на голем дел од машката популација на Балканот и развојот на женската мисла за рамноправност. Во времето на настанувањето на овој ракопис, организацијата во внатрешниот семеен круг била дефинирана врз основа на половата и возрасната припадност. Хиерархиски, жените биле подредени на мажите (според полот), а помладите на постарите членови на семејството (според возраста). Според името на мажот се именувала и домаќинката, децата, добитокот и имотот.

Во македонските, но и во останатите балкански заедници, полноправно членство новодојдената невеста стекнувала дури откако ќе родела дете. Доколку таа родела син, се сметало дека целосно ја исполнила својата задача во семејството. Машкото дете значело наследник, а преку неговото обезбедување жената добивала нова мајчинска улога која ја заштитувала од префрлања или омаловажувања од страна на постарите членови, а во повозрасни години добивала и одмена во сопругата на синот. Доколку брачните другари немале или не можеле да имаат дете, вината ѝ се префрлала на невестата која добивала статус на неротка.[4] Овој статус стоел најниско во хиерархијата во заедницата. Над неа била жената која раѓала само женски деца, а највисок статус имала жената која ќе родела машко дете.[5] Таа била идната свекрва и таа се подготвувала да ја преземе домаќинската улога во семејството. Затоа слободно можеме да кажеме дека околу женскоста, односно женската чесност бил изграден одреден култ. Од жената се барало да биде скромна, работлива, послушна и чесна. Секоја различност од постоечкото обичајно право била сметана за неморална. И во селските и во градските средини жените внимавале на своето однесување.

Од овој краток пресек на животот на жените во XIX и почетокот на XX век можеме да ја потврдиме фактичката состојба која само ни ја пренесува Методиј Кусевич. Постојаното потенцирање на мајчинството, како една од најважните задачи на жената (ако не и најважна), како и барањето покорност и дисциплина, ни го покажуваат внатресемејниот

---

[4] Во народните песни, како најчеста причина за бездетноста на жената се сметала клетвата на мајката на невестата. Кај Верковиќ, во песната „Безродна невеста", мајката ја проколнала ќерката, таа и мажот да спечалат куќа и имот, но „чедо да немате, / за чедо да плачите". Во: Стефан И. Верковиќ, *Македонски народни песни, Трапезарски песни,* Македонска книга, Скопје, 1985 кн. 2, п. 126. Идентичен е заклучокот и во песната „Бездетна Јана", во која сопружниците имале куќа и имот, но немале дете. За ваквата состојба, мажот заклучил дека: „тебе мајка ти е пок'лнала, / за една игла чедо да немаш". Во: Верковиќ, кн. 2, п. 147.

[5] Машкото дете било „знак за бесмртноста на семето...". Во: Лис Иригаре, *Спектрум на другата жена,* Евро-Балкан Пресс, Скопје, 2002, 42.

однос во овој период, но и моралните и етичките вредности на кои се посветувало големо внимание. Во тоа време, ваквиот начин на однесување бил вообичаен. Ракописот, односно брошурата *Рамноправноста на жената* од Методиј Кусевич се појавил во време на зголемени тенденции за женско присуство во јавниот живот. Во предвечерјето на Балканските и Првата светска војна, кога сè уште постоеле старите империи, женското прашање не се наоѓало на врвот на приоритетите за решавање. Тоа дошло само неколку години подоцна.

**Литература**:

Верковиќ, Стефан И. (1985). *Македонски народни песни, Трапезарски песни, кн.2*. Македонска книга, Скопје.

Ганчевъ Еничеревъ, Никола. (1903). „Спомени отъ моето учителство въ Прилепъ". *Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина,* книга XX. София.

Д-ва. Сл. (1912). „Равноправството споредъ Старозагорски митрополитъ Методий". *Женски гласъ*, брой 18, София.

Иригаре, Лис. (2002). *Спектрум на другата жена*. Евро-Балкан Пресс, Скопје.

Кусев, Митрополит Методий. (1895). *Възпитанието в духа на християнството*, Казанлък.

*Обясненията на Старо-Загорския митрополитъ Методия за схизмата и единството на църквата*. (1912).

Петкова, Неделя. (1987). *Спомени*. Съставителство, коментар и бележки Бойко Киряков, под редакцията на Дойно Дойнов, Издателство на Отечествения Фронт, София.

*Равноправството на жената* от Старо-Загорския Митрополиът Методия. Ст. Загора (без датум).

Шалдевъ, Христо. (1916). *Градъ Прилепъ въ българското възраждане*. София.

Шапкарев, Кузман А. (1990). *Записи*. Приредил д-р Томислав Тодоровски, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје.

# THE MANUSCRIPT *WOMEN'S EQUALITY* BY METODIJ KUSEVICH

**Slavcho Koviloski**

## Summary

Todor Kusev (b. 1838 Prilep, d. 1922 Stara Zagora, Bulgaria) is the author of several works, letters, speeches, books. This paper's interest is focused on Kusevich's manuscript *Women's Equality*, published as a separate booklet in 1912. In this work, Kusevich, sharply, with irony and mocking commentaries and examples, accuses women of undermining_the existing social order by weakening their defense mechanisms, thus enabling enemies to conquer them. Women, demanding equality with men, opposed the laws of nature. The publication of the brochure was followed by an article, *Equality according the Metropolitan Metodij of Stara Zagora*, signed by a female author with the initials Sl. D-va, published in the magazine *Woman's Voice*. The author expresses her doubts of Metropolitan Methodius' sincere intentions to present women's issues properly. Having in mind that in the 19th century there were not many known cases of Macedonian authors writing, particularly on the topic of "women's issues," this paper sets to explore the said manuscript as a template speaking closely to the mindset of Macedonian men, as well as Balkan men in general, particularly the clergy of the period, towards women.